

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ ПОД СИСТЕМИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**- кратка информација -**

*Скопје, август 2022*

Предмет на кратката информација се земјоделските површини (земјоделски култури) кои се под системи за наводнување во Република Северна Македонија.

Согласно Правилникот за работата и организацијата на Посебната организациона единица - Парламентарен институт, оваа истражувачка работа се изработува по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт, Секторот за општи анализи и истражувања.
Во оваа кратка инфомација е опишано колку од земјоделската обработлива површина е под системи за наводнување од Јавното претпријатие АД Водостопанство на Република Северна Македонија со неговите подружници, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес, Јавно претпријатие Стрежево – Битола и Јавно претпријатие хидросистем Злетовица – Пробиштип. Исто така, **прикажано е на годишно ниво колкави површини наводнуваат тие и нивните приходи од наводнувањето.**

Од вкупните обработливи површини во 2020 година ораниците и бавчите зафаќаат 416.070 ха или 80,5%, ливадите 59.898 ха или 11,6%, лозјата на 23.976 ха или 4,6% и овоштарници на 17.095 ха или 3,3%. Во Северна Македонија водите се природно богатство. Управувањето со водите е дејност од јавен интерес којашто се врши согласно одредбите од Законот за води[1] со кој се уредуваат прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води, крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите, заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите, водостопанските објекти и услуги, организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите. Надлежноста за управувањето со води е на Министерството за животна средина и просторно планирање (Секторот за управување со води), а од 2015 година од страна на Владата формирано е АД Водостопанство на Република Северна Македонија.
Главна цел на АД Водостопанство на СРМ е да ги одржува и стопанисува системите за наводнување и одводнување во целина поради:

[1] Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021)

- снабдување со вода за наводнување, снабдување со вода на комунално претпријатие за водоснабдување за консумирање од страна на човек (вода за пиење и други потреби);
- снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби;
- вклучувајќи го и производството на електрична енергија);
- уредување на речни корита; и
- одводнување на земјиште и одведување на испуштена вода.

Во склоп на ова претпријатие има 12 подружници[2] на целата територија на државата. Вкупниот број вработени за 2020 година изнесува 593, а за 2019 година 543. Согласно буџетот за 2021 година вкупните приходи од наводнување на земјоделски култури изнесуваат 233.541.389 денари и за 2020 година 228.734.966 денари.[3]

- **Подружницата Скопско Поле[4]** - основна дејност е континуирано одржување и чистење на каналите од системот за одводнување за да не дојде до поплави на земјоделските површини како и на станбените и индустриски објекти Хидромелиоративниот систем за одводнување Скопско Поле е изграден во периодот од 1959 -1965 година и опфаќа вкупно површина од **6.600 хектари** од Скопската Котлина, во атарот на Општините Гази Баба, Илинден и Петровец. По хидротехничка концепција ХМС го сочинуваат два потсистеми: Долна зона на површина од **2.100 ха** и Горна зона на површина од **4.500 ха**.
  *Цените за надоместок за користење на вода за наводнување на земјоделски култури се различни во зависност која земјоделска култура треба да се наводнува и се движат од **6.600 ден/ха** за градинарски култури и заеднички посев, додека за фуражни, овошни, индустриски култури и пченка изнесува **5.600 ден/ха**, а за пченица **2.000 ден/ха**. Цените се без ДДВ кој изнесува 5%.*

  Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **160 ха**, 2019 година **155 ха** и за 2020 година нема податоци колкава земјоделска површина била наводнувана[5].

- **Подружница Струмичко Поле - Струмица[6]** основна дејност е водоснабдување, наводнување, одводнување, заштита и одбрана од поплави и друго штетно дејство од водите. Во склоп на оваа подружница има 4 хидросистеми за наводнување - Хидросистем Турија, Хидросистем Водоча, Хидросистем Иловица, Хидросистем Маркова река и Хидроситем Новоселка. Вкупната површина за наводнување на овие хидросистеми изнесува **13.540 ха**. Исто така, оваа подружница освен за наводнување на

---

[2] Листа на подружници на АД Водостопанство на Република Северна Македонија https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici

[3] Буџет на АД Водостопанство на Република Северна Македонија за 2021 година https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/informacii-od-javen-karakter/budjet

[4] Подружницата Скопско Поле https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/36-podruzhnica-skopsko-pole-skopje

[5] Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година (страница бр.65 табела бр.44) http://zpis.gov.mk/Upload/Documents/Godisen%20Zemjodelski%20Izvestaj%202020.pdf

[6] Подружница Струмичко Поле – Струмица https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/35-podruzhnica-strumichko-pole-strumica

земјоделски површини обезбедува и вода за пиење за Струмичкиот регион.
Цените за годишниот надоместок за наводнување се различни во зависност дали се користи гравитационо наводнување или систем капка по капка. За гравитационо наводнување минималната цена изнесува **250 ден/декар** додека највисоката цена изнесува **1.400 ден/декар**.

Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **1.130,1 ха**, 2019 година **1.975,7 ха** и за 2020 година **1.526,5 ха**.

- **Подружница Берово**[7] **- Берово** е формирано поради користење, одржување, експлоатација и контрола на системите за наводнување на подрачјето на дејствување, снабдување со вода за наводнување, снабдување со вода на комунални претпријатија за наводнување и технолошки потреби, снабдување со вода на правни и физички лица за индустриски потреби, снабдување со вода за производство на електрична енергија и одводнување на земјиштето на дефинираната територија во рамките на ХМС Малешевско Поле. Подрачјето на дејствување на ХМС Малешевско Поле е географското подрачје кое ги опфаќа површините и корисниците од општините Берово и Пехчево кои се снабдуваат со вода од ХМС Малешевско Поле. Со своите карактеристики е еден од најголемите и најзначајни хидромелиоративни системи во нашата држава, во горниот слив на Река Брегалница за општините Берово и Пехчево. Вкупната проектирана бруто-површина за наводнување во ХМС Малешевско Поле, била 917,00 хектари, а вкупната можна наводнувана бруто-површина изнесува 510,00 хектари.
  *Цените за надоместок за користење на вода за наводнување на земјоделски култури се различни во зависност која земјоделска култура треба да се наводнува и се движат од **10.670 ден/ха** за градинарски култури, овошни и тутн, додека за луцерка и ливади изнесува **8.000 ден/ха**.*
  Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **4.7 ха**, 2019 година **19 ха** и за 2020 година **15 ха**.

- **Подружница Полог - Гостивар**[8] е географско подрачје кое опфаќа површини и корисници во атарите на општините Гостивар и Врапчиште, како и површините на земјоделско земјиште во атарите на општините Тетово, Брвеница, Желино, Теарце и Јегуновце. Во Подружница Полог - Гостивар, основна дејност е наводнувањето на земјоделски површини, а дополнителни дејности се: менаџирање со речните корита, контрола на исцрпување на речен песок и чакал, следење на свлечиштата. Наводнувањето во Подружница Полог Гостивар е организирано преку Магистралните канали : „Здуње – Пирок“ со зафат на вода од Река Вардар

[7] Подружница Берово https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/34-podruzhnica-berovo
[8] Подружница Полог Гостивар https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/33-podruzhnica-polog-gostivar

со капацитет 4,1 литри во сек., и должина на каналот од 15км, „Радиовце –Бистрица“ со зафат на вода од Реката Вардар со капацитет 7,8 литри во сек., и должина на каналот од 25 км и таканаречените „Стари системи“, кои користат вода за наводнување од масивот на Шар Планина. Акумулација во с. Вратница, Општина Јегуновце, која се користи за наводнување на земјоделско земјиште од кое поголемиот дел се лозови насади, како и Мала акумулација на Шар Планина во с. Горјане, Општина Врапчиште, која се користи за наводнување на земјоделските површини во село Градец.

Цените за надоместок за користење на вода за наводнување на земјоделски култури се различни во зависност која земјоделска култура треба да се наводнува и се движат од **6.000 ден/ха** за пченка, компир, кромид, пипер, домати и разни други култури, додека за овошни култури и зелка изнесува **5.000 ден/ха**. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5%. За водокорисниците кои наводнуваат со сопствени пумпи од каналаска мрежа водтек или бунар со систем капка по капка цената се намалува за 10%. За површините кои се наводнуваат, а се помали од 3 ари цената за испорачаната вода се утврдува паушал од 800 денари.*
Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **209,9 ха**, 2019 година **313,6 ха** и за 2020 година **373,4 ха**.

- **Битолско Поле - Битола**[9] е географското подрачје кое опфаќа површини од општините Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар. Подружницата „Битолско Поле“- Битола го стопанисува, користи и одржува системот за одводнување Пелагонија - Битолски дел со површина од **27.000 хектари** и водостопанските објекти: II, III,IV,V,IX,X и XIII одводен канал, доводни одводни канали Агларци, Логовардски, Ивањевци, Добрушево, ГОК Чарлија, Канал Новаци, канал одводен старо течение на Црна река, одводен канал низ с.Новаци и другите водостопански објекти кои се составен дел на системот за одводнување, вклучувајќи ги уредните корита на Црна Река, Елешка Река, Река Шемница и Река Драгор (низводно од градот Битола) и другите уредени водотеци и порои кои се во состав на системот за одводнување „Пелагонија - Битолски дел“.

- **Подружница Јужен Вардар – Гевгелија**[10] е географско подрачје кое опфаќа површини и корисници од општините: Гевгелија, Богданци и Валандово. Основна дејност на оваа подружница е наводнувањето. Наводнувањето во Подружница Јужен Вардар Гевгелија е организирано преку хидромелиоративните системи и тоа: ХМС Конска Река, ХМС Паљурци и ХМС Валандово.
Годишниот воден надоместок се пресметува во зависност дали ќе се користи гравитационо наводнување, наводнување со пумпи од ХМС Валандовско Поле.

[9] Подружница Битолско Поле – Битола https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/32-podruzhnica-bitolsko-pole-bitola
[10] Подружница Јужен Вардар – Гевгелија https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/31-podruzhnica-juzhen-vardar-gevgelija

- Цената за гравитационо наводнување од ХМС Конска Река и ХМС Паљурци најниската цена е од **800 ден/декар**, а највисоката цена изнесува **3.600 ден/декар** во зависност која култура се наводнува.

- Цената за наводнување со пумпи од ХМС Валандовско Поле најниската цена е од **1.206 ден/декар,** а највисоката цена изнесува **4.828 ден/декар** во зависност од културата која се наводнува.

Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **511,7 ха**, 2019 година **457,3 ха** и за 2020 година **225,1 ха**. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5%.*

- **Подружница Тиквеш - Кавадарци**[11] е формирано поради: користење, одржување, експлоатација и контрола на системите за наводнување на подрачјето на дејствување, снабдување со вода за наводнување, снабдување со вода на комунални претпријатија за наводнување и технолошки потреби, снабдување со вода на правни и физички лица за индустриски потреби, снабдувањесо вода за производство на електрична енергија и одводнување на земјиштето на дефинираната територија во рамките на ХМС Тиквеш.
По своите карактеристики е еден од најголемите и најзначајни хидромелиоративни системи во нашата држава. Вкупната проектирана бруто површина за наводнување во ХМС Тиквеш изнесувала **17.760 хектари**, а вкупната можна наводнувана бруто-површина изнесува **13.258 хектари**. Од можната бруто-површина за наводнување, во просек годишно се наводнуваат од **5.000 до 8.000 хектари**, а по исклучок во годините, кога заради екстремните ниски температури и тоталното измрзнување на лозовите насади, вкупните наводнувани површини во ХМС Тиквеш на годишно ниво, биле помали и сведени под **5.000 хектари**.

Годишниот воден надоместок во зависност дали ќе се користи гравитационо наводнување, наводнување со пумпи или преку ХМС Пепелишко Поле цените различни во зависност која земјоделска култура се наводнува. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5%.*

- Гравитационо наводнување најниска цена е **3.840 ден/ха**, а највисоката цена изнесува **19.200ден/ха** во зависност од културата која ќе биде наводнувана.

- Наводнување со пумпи најниска цена е **9.377 ден/ха**, а највисока цена изнесува **46.886 ден/ха** во зависност од културата која ќе биде наводнувана.

- Наводнување од ХМС Пепелишко Поле најниската цена изнесува **6.804 ден/ха**, а највисоката цена **22.680 ден/ха** во зависност од културата која ќе биде наводнувана.

Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за

[11]Подружница Тиквеш – Кавадарци https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/30-hms-tikvesh

2018 година биле наводнувани **5.669,8 ха**, 2019 година **6.714,9 ха** и за 2020 година **5.980,2 ха**.

- **Подружница „Прилепско Поле" – Прилеп**[12] во делот за наводнување стопанисува со ХМС „Прилепско Поле", мали акумулации „Волково 1" и „Волково 3" кои го надополнуваат ХМС „Прилепско Поле" - Прилеп. АД „Водостопанство на РМ" Подружница „Прилепско Поле" – Прилеп ги користи, одржува и стопанисува со системите за наводнување и одводнување во целина, заради: снабдување со вода за наводнување, снабдување со вода на комунално претпријатие за водоснабдување за консумирање од страна на човекот (вода за пиење и други потреби), снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби, вклучувајќи го и производството на електрична енергија, уредување на речни корита, одводнување на земјиште и одведување на испуштени води.
  Системот за наводнување е гравитационен од затворен тип каде има 309 км активна мрежа за наводнување на **1.450 ха** земјоделско земјиште. Наводнувањето се врши на принцип самопослужување со оросување (преку цела сезона за наводнување системот е полн под притисок).
  Цената за годишен надоместок за наводнување на земјоделски култури од ХМС Прилепско поле започнуваат од **0.70 ден/м2** до **4 ден/м2**. Додека наводнувањето на земјоделските култури од Десово 1 и 2 и Браилово изнесуваат од **0.55ден/м2** до **1.80ден/м2**. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5%.*
  Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **750 ха**, 2019 година **497,6 ха** и 2020 година **558,8 ха**.

- **Подружница Брегалница Кочани**[13] основната дејност е користење, функционирање, одржување и контрола на системите за водоснабдување на подрачјето на дејствување, снабдување со вода за наводнување на земјоделско земјиште, снабдување со вода на комунални претпријатија за водоснабдување, за водоснабдување со вода за консумирање од страна на човекот (вода за пиење и други потреби), снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби вклучувајќи го и снабдувањето со вода за производство на електрична енергија и одводнување на земјиште. Хидромелиоративниот систем Брегалница покрива **28.000 ха од обработлива нето-површина** и се наоѓа во сливот на Река Брегалница. Сливот на Река Брегалница има површина од 4.300 км$^2$ и го зафаќа источниот дел на Македонија, односно 16,75% од нејзината вкупна површина. Хидромелиоративниот систем Брегалница се состои од: Браната Калиманци, Захватот Истибање, десниот магистрален канал, левиот магистрален канал и деталната каналска мрежа за наводнување.

[12] Подружница „Прилепско Поле" – Прилеп https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/29-podruzhnica-prilepsko-pole-prilep
[13] Подружница Брегалница Кочани https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/28-podruzhnica-bregalnica-kochani

Цените за годишен надоместок за наводнување на земјоделски култури започнуваат од **4.253 ден/ха** до **7.984 ден/ха**. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5%.*
Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **6.168,9 ха**, 2019 година **6.845,8 ха** и 2020 година **7.238,8 ха**.

- **Подружница Кумановско - Липковско Поле**[14] врши економично стопанисување, користење, одржување и контрола на системите на подрачјето на дејствување заради снабдување со вода за наводнување на земјоделско земјиште, снабдување со вода на комуналните претпријатија за водоснабдување со вода за пиење и други потреби, снабдување со вода за индустриски и технолошки потреби, производство на електрична енергија и одржување на водостопански објекти и постројки за заштита од поплави, регулација на реки и заштита од ерозија. Подружницата стопанисува со браните Глажња, Отошница, Калин Камен и Влашки Колиби. Наменаа на хидросистемот Глажња - Липково е наводнување, водоснабдување на град Куманово и околните населби, снабдување со техничка вода на индустриските капацитети и производство на електрична енергија.
Годишниот воден надоместок во зависност дали ќе се користи гравитационо наводнување, или од мали системи цените се различни во зависност која земјоделска култура се наводнува. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5%.*

    - Гравитационо наводнување најниска цена е **3.560 ден/ха,** а највисока цена изнесува **10.992 ден/ха** во зависност која култура се наводнува.

    - Мали системи најниската цена изнесува **2.311 ден/ха**, а највисока цена изнесува **8.668 ден/ха** во зависност која култура се наводнува.

  Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **261,7 ха**, 2019 година **450,9 ха** и за 2020 година **524,8 ха**.

- **Подружница Црн Дрим[15] - Охрид** го опфаќа Југозападниот дел на државата и управува и стопанисува со хидросистемите во општините Охрид, Дебрца, Струга, Вевчани, Дебар, Центар Жупа, Кичево, Пласница и Ресен. Наводнувањето на површините во Охридскиот реон се врши преку следните хидросистеми: ХМС со природни водотеци и реки (ХМС Лескоец, ХМС Косел – Лакочереј, ХМС Велмеј, ХМС Лешани,ХМС Сатеска - Волино, Мешеишта). Систем со испумпување на вода, ХМС Љубаништа, Систем за наводнување со вештачка акумулација, ХМС Слатино.

[14] Подружница Кумановско-Липковско Поле https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/27-podruzhnica-kumanovsko-lipkovsko-pole
[15] Подружница Црн Дрим https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/26-podruzhnica-crn-drim-ohrid

Цените за годишен надоместок за наводнување на земјоделски култури започнуваат од **5.000 ден/ха за фуражни култури, 6.000 ден/ха, градинарски, лозови и овошни насади 8.000 ден/ха и за пченка 7.000 ден/ха**. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5%.*

Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **228,9 ха**, 2019 година **205,9 ха** и за 2020 година **207,6 ха**.

- **Подружница „Радовишко поле“ - Радовиш**[16] стопанисува со хидро мелиоративниот систем Мантово. Лоциран е на двете страни на Радовишка река. Подрачјето на дејствување опфаќа повеќе населени места во Општина Радовиш и Општина Конче. Главен извор на вода е акумулацијата Мантово, формирана на Река Крива Лакавица, со капацитет од 49 400 000 м3 вода за наводнување на **5.467 ха**. Водата се користи за наводнување и за индустриски потреби.

Цените за годишен надоместок за наводнување на земјоделски култури започнуваат од **1.400ден/ха** до **19.000ден/ха**. *Цените се без ДДВ кој изнесува 5% и 2%надомест за користење на водата за наводнување. За водокорисниците кои наводнуваат со систем капка по капка цената е 80% од горенаведените. За корисницете кои наводнуваат со сопствени пумпи за површини над главниот отворен канала цената изнесува 70% од горенаведените цени. За површините кои не се опфатени со каналска мрежа, а се наводнуваат јазеви и бразди се наплатува 60% од горененведените цени.*
Согласно податоците од Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година може да се види дека за 2018 година биле наводнувани **372,6 ха**, 2019 година **687,2 ха** и за 2020 година **570,8 ха**.

Табела бр.1 Преглед на наводнувани површини 2018 - 2020 година АД Водостопанство и Јавните претпријатија Стрежево, Лисиче и Злетовица

| Година/ регион | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Подружница Тиквеш** | 5,669.8 | 6,714.9 | 5,980.2 |
| **Подружници Брегалница и Свети Николе** | 6,168.9 | 6,845.8 | 7,238.8 |
| **Подружница Прилепско Поле** | 750 | 497.6 | 558.8 |
| **Подружница Кумановско Липковско Поле** | 2.617 | 450.9 | 524.8 |
| **ЈВП Лисиче** | 122.2 | 122.2 | 110.6 |
| **ЈП Стрежево** | 3,981.3 | 5,510.8 | 5,319.0 |
| **Подружница Радовишко Поле** | 372.6 | 687.2 | 570.8 |
| **Подружница Јужен Вардар** | 511.7 | 457.3 | 225.1 |
| **Подружница Струмичко Поле** | 1,130.1 | 1,975.7 | 1,526.5 |
| **Подружница Скопско Поле** | 160.0 | 155.0 | |

[16] Подружница „Радовишко Поле“ – Радовиш https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici/15-podruzhnici

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Подружници Полог, Тетово и Гостивар** | 209.9 | 313.6 | 373.4 |
| **Подружница Црн Дрим** | 228.9 | 205.9 | 207.6 |
| **Подружница Берово** | 4,7 | 19.0 | 15.0 |
| **ЈПХС Злетовица** | 262.5 | 353.0 | 370.0 |
| **Вкупно во хектари** | **19,834.3** | **24,302.5** | **23,020.6** |

**Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес**[17] основна дејност на е да ги обезбеди потребните количини сирова вода наменета за водоснабдување на градот Велес и околните населени места. Нејзината реализацијата се извршува преку акумулирање на водите од реките Тополка и Врановска  во акумулацијата Лисиче и испорака на потребните  количини на сирова вода преку доводниот цевковод до Фабриката за преработка на вода во градот Велес. Согласно годишниот извештај за работа на ова Јавно претпријатие за 2021 година биле наводнувани **128,87 ха**, за 2020 година **110,78 ха** за 2019 година **115,71 ха**[18]**.**

Приходите од вода за наводнување за 2021 година изнесуваат 668.335,00 ден, за  2020 година. изнесуваат 560.114,00 денари, додека за 2019 година. изнесуваат 592.754,00 ден[19]. Цените на водата за наводнување изнесува 1,80ден/м3. Во ЈПВ Лисиче Велес, вкупниот број на вработени изнесува 26 лица на неопределено работно време, 2(две) лица вработени преку Агенција за привремени вработувања, додека по  договор за дело 1(едно) лице за вршење на повремени услуги или просечен број на вработени вкупно 28 лица.

**Јавно претпријатие Стрежево – Битола**[20] е повеќенаменски водостопански систем чии функции се застапени во следните водостопански области:

- Користење на водите,
- Управување и стопанисување со водите,
- Заштита на водите,
- Заштита од штетното делување на водите.

Водата од овој хидросистем се користи снабдување со вода за наводнување на **20.200 ха** нето обработлива површина, снабдување со сирова вода на системот за водоснабдување на градот Битола и околните населби, снабдување на индустријата со сирова вода (РЕК Битола, Фабрика за шеќер, Фабриката за квасец и шпиритус, Фабрика за преработка на овошје и зеленчук, Индустрија за млеко - Битола), рибарство во уредени рибници, користење на водните сили-производство на хидроенергија во постоечките четири мали хидроцентрали[21]. Согласно годишните извештаи за работа Јавно претпријатие Стрежево – Битола (2018, 2019 и 2020 година) вкупниот број вработени е 225 (2020 година), 2019 година 228 вработени и за 2018 година 232 вработени. Вкупната површина која се наводнувала со земјоделски култури за 2020 година изнесува 5.318 ха, за

[17] Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес https://jpvlisice.mk/?page_id=115&lang=mk
[18] Годишни извештаи за работењето на  Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес https://jpvlisice.mk/?cat=7&lang=mk
[19] Годишен извештај за работата на Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес за  2020 и 2021 година https://jpvlisice.mk/?cat=7&lang=mk
[20] Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие Стрежево – Битола http://www.strezevo.com.mk/
[21] Главни функции на хидро системот Стрежево http://www.strezevo.com.mk/hidrosistem-jp-strezevo.html

2019 година 5.436 ха и за 2018 година 3.947 ха. Во делот на приходите за наводнување на земјоделски култури за 2018 година изнесува 25.096.510 денари, за 2019 година 32.068.437 денари и за 2020 година 31.336.044 денари. Овие финансиски приходи се однесуваат само за наводнување на земјоделски површини[22].

**Јавно претпријатие хидро систем Злетовица – Пробиштип[23] -** Хидросистемот „Злетовица“ е повеќенаменски водостопански систем и се наоѓа во североисточниот дел на државата, со кој се овозможува целосно користење на водниот потенцијал на река Злетовица. Со Хидросистемот се обезбедува вода за пиење на преку 100.000 жители во населените места Пробиштип, Кратово, Злетово, Штип, Карбинци, Свети Николе и Лозово, наводнување на **4.500 ха** земјоделски површини во атарот на Пробиштип и Кратово и хидроенергетско користење на расположливиот воден потенцијал за производство на околу 49.5 милиони kWh годишно, како и заштита од поплави и обезбедување на биолошки минимум[24]. Согласно годишните извештаи[25] за работа на Јавно претпријатие хидро систем Злетовица – Пробиштип вкупниот број вработени за 2021 година изнесува 30, за 2020 година изнесува 29, за 2019 година 31. Во делот на приходите за наводнување на земјоделски култури за 2021 година изнесува 12.666.920 денари, за 2020 година 12.628.759 денари и за 2019 година 2.400.408 денари. Овие финансиски приходи се однесуваат само за наводнување на земјоделски површини.

Изработил: Славчо Маркоски

Одобрила и Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов

[22] Годишни извештаи за работата на Јавно претпријатие Стрежево – Битола за 2018, 2019 и 2020 година http://www.strezevo.com.mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B8-2.html

[23] Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие хидро систем Злетовица – Пробиштип http://hszletovica.com.mk/

[24] Карактеристики на хидро системот Злетовица http://hszletovica.com.mk/hidrosistem/

[25] Годишни извештаи на Јавното претпријатие хидро систем Злетовица – Пробиштип за 2019, 2020 и 2021 година. http://hszletovica.com.mk/category/izvestai/

Табела бр.2 Структура на наводнувани култури и вкупна земјоделска површина (ха) 2018 - 2020 во Република Северна Македонија[26]

| Структура на наводнувани култури и вкупна земјоделска површина (ха) 2018 - 2020 во Република Северна Македонија | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година /култура | Ориз | Луцерка | Тутун | Сончоглед | Пченка | Градинарски | Лозови насади | Овошни насади | Житарици | Фуражни | Други индустриски[27] | Останати | Вкупно |
| **Вкупна површина** | **3.177[28]** | **19.096** | **16.592** | **4.859** | **32.013** | **51.564[29]** | **23.976** | **17.095** | **125.515** | **16.151** | **24** | **/** | **310.062** |
| Наводнувана површина 2020 | **3.697.7** | **2.016.0** | **1.209.0** | **72.9** | **3.931.1** | **1.597.4** | **5.443.5** | **2.468.3** | **157.0** | **2.241.5** | **15** | **171.5** | **23.020.6** |
| **Вкупна површина** | **3.481** | **19.710** | **16.719** | **4.677** | **34.123** | **52.260** | **24.468** | **16.784** | **124.095** | **16.327** | **15** | **/** | **312.959** |
| Наводнувана површина 2019 | **3.727.5** | **1.823.0** | **1.004.8** | **21.0** | **3.841.0** | **1,799.4** | **6.441.3** | **2.717.0** | **57.3** | **2.817.8** | **11** | **41.3** | **24.302.5** |
| **Вкупна површина** | **3.222** | **19.738** | **16.582** | **2.386** | **36.417** | **51.617** | **24.088** | **16.827** | **128.504** | **14.040** | **41** | **/** | **313.462** |
| Наводнувана површина 2018 | 3.594.8 | 1.610.8 | 958.7 | 18.8 | 2.087.7 | 1,536.8 | 5.041.9 | 2.197.6 | 39.9 | 2.293.1 | 354.4 | 99.9 | 19.834.3 |

[26] Годишни извештаи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија http://www.mzsv.gov.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8_%D0%B8_%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8_%D0%BE%D0%B4_%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD_%D0%BA%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B5%D1%80/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B8.aspx

[2727] За други индустриски култури е земен податокот за вкупна површина на афион во Република Северна Македонија од годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија http://zpis.gov.mk/Upload/Documents/Godisen%20Zemjodelski%20Izvestaj%202020.pdf

[28] Се појавува разлика во вкупната површина на ориз за наведените години односно има повеќе наводнувана површина од што било посеано.

[29] Градинарски површини за 2020 година во Република Северна Македонија – Завод за статистика соопштение за земјоделски површина за 2020 година https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/5.1.21.03_mk.pdf

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021)

2. Листа на подружници на АД Водостопанство на Република Северна Македонија https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/2018-05-04-15-23-26/podruzhnici

3. Буџет на АД Водостопанство на Република Северна Македонија за 2021 година https://www.vodostopanstvo.mk/index.php/mk/informacii-od-javen-karakter/budjet

4. Годишниот извештај за земјоделство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за 2020 година (страница бр. 65 Табела бр. 44) http://zpis.gov.mk/Upload/Documents/Godisen%20Zemjodelski%20Izvestaj%202020.pdf

5. Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес https://jpvlisice.mk/?page_id=115&lang=mk

6. Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие Стрежево – Битола http://www.strezevo.com.mk/

7. Официјална интернетска страница на Јавно претпријатие хидросистем Злетовица – Пробиштип http://hszletovica.com.mk/

8. Градинарски површини за 2020 година во Република Северна Македонија – Завод за статистика соопштение за земјоделски површина за 2020 година https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/5.1.21.03_mk.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384